# ЗАГА
# МАЛИНКОВСКА

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — ЌУМАНОВО



САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА АКВАРЕЛИ НА

# ЗАГА МАЛИНКОВСКА

СЛИКАР ОД СКОПЈЕ

10—25 СЕПТЕМВРИ 1980 ГОДИНА



ЗАГА МАЛИНКОВСКА — СЛИКАР, родена во Скопје 1926 година.

Завршила Педагошка академија — ликовен смер во класата на професорот академик Вангел Коџоман.

Адреса: ул. „Пролет“ бр. 31 — Скопје
Телефон 232-478

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1956 година — Скопје*
*1956 година — Штип*
*1957 година — Титов Велес*
*1959 година — Гостивар*
*1960 година — Тетово*
*1961 година — Штип*
*1962 година — Струмица*
*1966 година — Гарда-Италија*
*1978 година — Скопје*
*1979 година — Белград*
*1979 година — Апелдорн-Холандија*
*1979 година — Фабрика „Алкалоид" — Скопје*
*1979 година — Нови Сад*
*1979 година — Скопје*
*1980 година — Крива Паланка*
*1980 година — Крагуевац*
*1980 година — Чачак*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1963 година — Струмица*
*1967 година — Штип*
*1974 година — Скопје*
*1975 година — Скопје*
*1976 година — Скопје*
*1977 година — Скопје*
*1977 година — Битола*
*1977 година — Куманово*
*1978 година — Скопје*
*1979 година — Скопје*
*1979 година — Карловац-прво биенале на југ. акварел*
*1979 година — Винковци*
*1979 година — Нови Сад*
*1980 година — Скопје*
*1980 сликарска колонија Ечка*

*НАГРАДИ: Ноемвриска-1979 год. на град Скопје*

*Студиски патувања: Франција, Италија, СССР,*

*Турција, Холандија, Англија, Полска.*

*Кој би можел да верува, дека со еден потег на четка може да се запали црвениот пламен на зајдисонцето. Низ една капка водена боја, да се нурне во длабините на езерото, или да се почувствува близината на пејзажот и во него открие и протолкува исконската историја на земјата.*

*Навистина, кој би можел да верува дека уште од времето на фароните во Египет, до денес, низ сите меридијани, со помошта на една сликарска техника наречена акварел, ќе може да се зборува за животот и смртта, за изгревот и залезот на сонцето, за камените гудури обраснати со закржлавена вегетација и ширните со зелен килим послани полиња, за есента и пролетта, за зимата и летото, со еден збор за животот и убавините на природата и тоа на вака убедлив начин.*

*Кој би можел да верува, дека меѓу поклониците на акварелот ќе се најде и една македонска жена, која со спретноста и љубовта на загрижена мајка ќе раскажува приказни за синото небо, за виножитото по изминатите бури, за белите облаци што пливаат на дофат на раката, за морето и проѕирните води на езерото, за цвеќето и со своето кажување ќе ги убедува луѓето во искреноста и моќта на вешто послаените бои по бескрајниот простор на еден лист, на само еден лист бела хартија.*

*А кога листот ќе се претвори во „Пејзажот Охрид“ „Охридско ноктурно“, „Бело езеро“, или „Сино езеро“, во предел од „Повардариета“, „Долината на Вардар“, или „Бистра Планина“, тогаш станува јасно дека сликарот со своите бои пее песна за земјата Македонска, која дарежливо ги нуди неизмерните убавини, овозможувајќи му на сликарот да се напие од нејзините исконски извори, од кои бликаат зраци на топлото сонце прекршувајќи се во огледалата на оснежените планински врвови. Тогаш, сликарот благодарсн, во свечените мигови на своето творештво ќе наслика „Бел божур“ или „Цвеќе во сина вазна“ и ќе го подари со благодарност на земјата. На земјата Македонска.*

*Д-р Коста Балаванов*







*РЕКОА ЗА АКВАРЕЛИТЕ НА ЗАГА МАЛИНКОВСКА*

*Од создавањето на светот никогаш два дена или два листа не биле исти, така ни вие нема да видите дури ни два слични пејзажи кај сликите на Зага Малинковска, кои се заситени со јаки, анамагични тонови, атмосферски ефекти и колористични маси, настанати со полна осеќајност, трпение, инвентивност, поезија и љубов. Ете тоа е акварелот и неговата тежина на творењето, тоа се акварилите на Зага Малинковска.*

*Александар Клас, сликар — Белград.*

*...Кога човек ќе застане пред акварелите на Зага Малинковска, за миг го облива топлина, го огреваат зраците на некакво внатрешно сонце, затреперуваат одблесоците на мечтаените предели на добрина, предели на љубовта...*

*М. Маринковиќ, ликовен критичар, Чачак.*

*...Ретко задоволство да видам одличен и издржан акварел...*

*С. Максимовиќ, сликар, Нови Сад.*

*...Акварелот кој го создава во еден здив, Зага Малинковска успева на своите пејзажи да им пренесе македонско поднебје-планински пејзаж, езерски пејзаж и друго што ја претставува вредноста на Македонија...*

*Т. Ширилов, новинар, Скопје.*

*...Акварелите на Зага Малинковска се пријатно изненадување за љубителите на ликовната уметност, и припаѓаат на колористичкиот експресионизам. Бојата на подлогата ја поставува многу темпераментно, па сликите: „Топла земја“ и „Исконски пејзаж“ се вистински колористички огномет од бои.*

*М. Кандиќ, ликовен критичар, Крагујевац.*

*...Богатство од колор кој восхитува...*

*Ќосиќ, сликар, Нови Сад.*

*Во мозаикот на македонскиот акварел, Зага Малинковска има вткаено свој драгоцен дел внесувајќи го во истиот својот особен нерв и специфичен звук... Во минатата година таа го втка своето дело и во панорамата на Југословенскиот акварел, со учество на Првото Југословенско Биенале на акварелот во Карловац, што е несомнено голема ликовна манифестација во рамките на Југословенското сликарство... Гледано во целина, акварелите на Зага Малинковска укажуваат на автор со снажна експресија и неизмерна љубов кон природата. Сликајќи ги македонските пејзажи, таа ја слика топлината на воздухот, проѕирноста на водата и зрелоста на земјата. Сликајќи ја човечката фигура, таа силно го изразува нашиот здрав темперамент како во колористичкиот израз така и во поглед на цртачката смелост која истакнува раздвиженост и внатрешна сила...“*

*Груица Лазаревиќ, сликар, Чачак*

*...Убеден сум дека е пред нас творештвото на еден талентиран сликар-акварелист. Сликите на Зага Малинковска, нема да можат да се изоставаат кога ќе се зборува за современата македонска ликовна уметност...*

*Д-р Коста Балабанов, Скопје.*

*...Расцутен мир и свежина на пејзажот, животот и јаркиот склад на боите го пленат и освојуваат и окото и срцето. Убавината на ружите и снагата (Младост) и (Милување), неможат да го оставаат никого рамнодушен. Благодарам за удобното чувство и пријатност што ја плени душата...*
*...Зага Малинковска веќе со години работи една од најубавите техники на сликарството-акварелот, со кој се бават мал број на современи македонски уметници...*

*Паскал Гилевски, ликовен критичар, Скопје.*

*Главната тематска преокупација на Малинковска, акварелите е, како што можеше да се очекува мотивот, мртвата природа и цвеќето односно карактеристично видување и доживување на своето македонско поднебје и еруптивниот колорит. По сè случајот нејзин, превасходна тенденција е во рамките на феноменолошките појави интимно и лирски да го толкува просторот со сите свои судири на питорескните елементи. Во некои свои толкувања мошне потсетува на сликарството на генијалниот англиски сликар Тернер, што во овој случај никако не треба да се свати како намерно и доследно позајмување...*

*Богдан Мусовиќ*
*ликовен критичар*

**КАТАЛОГ**

1. БЕЛ БОЖУР.
2. ПРЕДЕЛ.
3. ЗЕМЈА МАКЕДОНСКА.
4. ЦВЕЌЕ ВО ПОРЦЕЛАНСКА ВАЗА.
5. АКТ I.
6. ПРОЛЕТ.
7. ЖОЛТО ЦВЕЌЕ.
8. ЦВЕЌЕ I.
9. МРТВА ПРИРОДА I.
10. ПОРТРЕТ.
11. МРТВА ПРИРОДА II.
12. ЦВЕЌЕ II.
13. АКТ II.
14. ИСКОНСКИ ПЕЈЗАЖ.
15. ОБЛАЦИ.
16. ГЕРВЕРИ.
17. БУРА.
18. ЕЗЕРО.
19. ПРОЛЕТ ВО ВАЗА.
20. МИЛУВАЊЕ.
21. ОБЛАЦИ НАД ДОЛИНА.
22. ЗИМА НА МАВРОВО.
23. ЕСЕН.
24. МАКЕДОНСКО СЕЛО.
25. ЗЛАТЕН ДИСК НАД МОРЕ.
26. ПЛАНИНСКИ ПРЕДЕЛ.
27. ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО.
28. ВЕЧЕРНИ АКОРДИ.
29. ЕСЕН НА МАВРОВО.
30 СИНИ ВОДИ.
31. ЕСЕНСКИ ПЕЈЗАЖ.
32. ПЕЈЗАЖ ОД ЕЧКА I.
33. ЗАЛЕЗ.
34. НА ПРАГОТ НА ЗИМАТА.
25. ЗРЕЛО ЖИТО.
36. РЕКА ТИСА.
37. ПЕЈЗАЖ ОД ЕЧКА II.
38. ЗИМА.
39. МУГРИ.
40. ЦРВЕНА НИВА.
41. ТОПОЛИ.
42. РЕКА БЕГЕЈ.
43. ПЕЈЗАЖ ОД БАНАТ.
44. ВОДА И НЕБО.